Република Северна Македонија
**Министерство за спорт**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Sportit**

Бр. 11-2419/5
03-11-2025 .2025 год

**До: Иванчо Ивановски**
**Агенција за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019, а по овластување на Министерот за спорт, согласно Решение број 03-2613/1 од 20.11.2024 година, постапувајќи по Жалба по Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од Иванчо Ивановски од Битола, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 30.10.2025 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер** Иванчо Ивановски од Битола со арх.бр. 11-2419/4 од 28.10.2025 година, во врска со усвоена жалба од страна на АСПИ со бр 08-550 од 28.10.2025 година СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

### Образложение

До Министерството за спорт на ден 28.10.2025 доставена е Жалба по Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Иванчо Ивановски од Битола, во кое се бараат информации во вид на договори за закуп со спортски објекти на спортските клубови-членки на Спортско стрелачка федерација, како еден од условите за добивање на решение за дејност спорт.
Министерството за спорт достави одговор на барањето, на кое барателот, незадоволен од одговорот поднесе Жалба до АСПИ, која Агенцијата ја усвои и Предметот го врати на повторно постапување до Министерството за спорт.
Министерството за спорт/Агенција за млади и спорт е надлежно во издавање на Решение за дејност спорт, за што е потребно доставување на документи наведени во Законот за спорт.
По прием на потребните документи, истите се преиспитуваат и согласно одредбите од Законот за спорт, на барателот му се изработува/не се изработува Решение за вршење на дејност спорт кое е **траен** документ, односно „**информација која ја создал и ја поседува имателот, согласно Член 3 став 1 алинеја 2 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер"**.
Пропратните документи во предмет-барањата за решенија за вршење дејност спорт се составен дел од секој предмет и истите се чуваат пет години согласно План за архивско работење/Листа на

документарен материјал со рокови на негово чување во Министерство за спорт ( арх.бр. 03-2697/2 од 12.12.2024 година).

Од таа причина, до барателот беа доставени бараните информации во вид на Договори за закуп на спортски објект од спортските клубови кои аплицилире за добивање на решение за вршење дејност спорт во последниве 5 години и тоа: СК Беласица ШАТ-Струмица, СК Стратилат – Кичево, СК Летачка Мета-Просениково, Струмица и СК Самострел-Босилово Струмица.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Министерство за спорт
бр.11-2419/5
30.10.2025 година

**Министер**
**Борко Ристовски**

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Дијана Софтовска

**Доставено до:**
- Барател на информацијата
- Сектор
- Архива

Министерство за спорт
**Ministria e sportit**
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628
Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“
Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov
Email:
1000 Скопје, Република Северна Македонија
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**web:**